**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и член 71 став 8 и член 72 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за лимитите на изложеноста
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2011)

I. Во Одлуката за лимитите на изложеноста („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/2008, 163/2008 и 43/2009), во главата III точка 18 потточка г), зборовите: „земјите-членки на Европската Унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД", се заменуваат со зборовите: „други земји за кои е утврден кредитен рејтинг од најмалку БББ- (согласно со рејтингот на „Стандард и Пурс") или Баа3 (согласно со рејтингот на „Мудис")".

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 30.09.2011 година.

**О бр. 02-15/VII-5/2011**
**30.06.2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**